# И З В Е Ш Т А Ј
# за работата на Извршниот одбор и работните тела на Фармацевтската Комора во 2016 година

Проф.д-р Бистра Ангеловска

Претседател на Фармацевтска комора на Македонија

# Изборна комисија

- Конститутивна седница на Собранието на Фармацевтската комора на Македонија по спроведените избори за органи и тела на Комората
- Седницата се одржа на ден 31.5.2016 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Европскиот Универзитет – Скопје
- Усвоен е извештајот на Изборната комисија за спроведените избори
- Избрани органи и тела на Комората согласно Статутот – промени во делот на постапката за избор на органи и тела на Комората
- Според сумираните и утврдените резултати, а согласно одредбите од Статутот на Комората, Изборната комисијата ги состави предлог – листите за состав на органите на Комората
- Верификувани мандатите согласно Извештајот и избрани органите и телата согласно Статутот
- Мандатот на органите на Комората е 4 години и започнува од 29.6.2016 и трае до 29.6.2020 година односно до верификација на мандатот на членовите на органите во нов состав.
- Приговори на изборните активности и повреда на гласачкото право не се поднесени

# Извршен одбор

Во текот на 2016 година Извршниот одбор на Фармацевтската комора на Македонија одржа пет седници:

- **Седница 26.2.2016**
  - ✓ Продолжува соработката со ФЗОМ за промена на цената на услугата – издавање на лек на рецепт:
    - изготвена симулација на движењето на цената на услугата во периодот од 2009 – 2015 година, од годишните извештаи на ФЗОМ и годишните извештаи за потрошувачка на лековите и доставена е до ФЗОМ.
  - ✓ Информација за состанокот со претставниците од Здружението на фармацевти на РМ:
    - разменети мислења и ставови во врска со актуелните проблеми на фармацевтите во аптеките – работно време, дежурства, безбедност на фармацевтите како здравствени работници, цената на услугата за издавање лек на рецепт, подигнување на нивото на фармацевтската дејност.
    - договор за понатамошна заедничка соработка за сите прашања и проблеми со кои се среќаваат фармацевтите во пракса.

# Извршен одбор

- ✓ Информација за состанокот на фармацевтите од територијална единица 1 со претставници од владините институции согласно програмата за подобрување на бизнис климата на малите претпријатија:
  - на средбата се образложени економските предизвици со кои се справуваат ПЗУ – аптеки кои како што се: методологијата за маржирање на лековите, ноќните дежурства и безбедноста на фармацевтите, преобемната администрација, обезбедување на кадар во случај на боледување, инспекциските контроли и казнената политика, лековите без доплата, зголемување на цената на услугата за издавање лекови на рецепт и сл. Писмен допис со предлози за решавање на наведените проблеми е доставен до владините претставници.

- ➢ **Седница 15.6.2016**
  - ✓ Измени Законот за здравствената заштита во делот на составот на испитната комисија, базата на прашања и начинот на полагање на стручниот испит за фармацевтите со завршено високо образование.
  - ✓ Активности за спроведување на законот.

# Извршен одбор

- **Седница 5.10.2016**
- ✓ Конституирање на Извршниот одбор во нов состав и комисиите при Комората.
- ✓ Информација за одржаната средба на претседателите на коморите на земјите од Југоисточна Европа во рамките на 5 Конгрес на фармација одржан во Охрид 2016 година:
  - разменети информации за работата и функционирањето на коморите и нивниот однос и соработка со институциите на власта во матичните држави.
- ✓ Информација за одржаниот Форум за проширување на листата на услуги во ПЗУ – аптеки организиран од Агенцијата за лекови и Министерството за здравство.
  - На форумот беа презентирани услугите кои се даваат на пациентите во земјите членки на ЕУ, со цел да се прошири листата на услуги во аптеките која ја утврдува Министерството за здравство
  - Изготвен прашалник за заинтересираноста на членството за воведување на новите услуги
- ✓ Реакција до ФЗОМ на казнените одредби од договорот за ортопедски помагала:
  - предлог да се постапува исто како со ГЛБД – листата, односно да и се даде можност на аптеката да побара писмен допис од фармацевтската куќа со која има склучено договор дека го нема ортопедското помагало или да и се остави на аптеката рок за да го набави истото.
- ✓ Повлекување на донацијата за поплавените подрачја во Скопје по добиеното сознание дека по еден месец средствата се уште не се префрлени од Стопанска Банка на Црвен крст на РМ.

# Извршен одбор

- **Седница 30.11.2016**
  - ✓ Информацијa од одржаната седница на Владата на РМ на 1.11.2016 година во врска со форумската расправа за дополнување на Листата на услуги со нови услуги кои би ги давале аптеките:
    - Агенцијата за лекови да иницира промена во регулативата со која ќе се воведат нови услуги во аптеките: мерење на телесна тежина, тестирање на бременост, мерење крвен притисок, мерење гликоза во крвта, мерење холестерол, а истите да не бидат на товар на ФЗОМ.
- **Седница 28.12.2016,**
  - ✓ Одлука за започнување на активности за одбележување на 25 годишен јубилеј од основањето на Фармацевтската комора на Македонија.

# Работна група за договори со ФЗОМ

- Изготвена симулација на движењето на цената на услугата во периодот од 2009 – 2015 година, направена од годишните извештаи на ФЗОМ и годишните извештаи за потрошувачка на лековите - доставена е до ФЗОМ
- Реакција до ФЗОМ на казнените одредби од договорот за ортопедски помагала за предвидената казна за аптеката доколку го нема ортопедското помагало.
- Предлог: да се постапува исто како со ГЛБД – листата, односно да и се даде можност на аптеката да побара писмен допис од фармацевтската куќа со која има склучено договор дека го нема ортопедското помагало или да и се остави на аптеката рок за да го набави истото.
- Припрема и присуство на состанок на работната група од Фармацевтска комора и менаџментот на ФЗОМ

# Комисија за казни при ФЗОМ

- Одржани 2 состанока на Комисијата за договорни казни, 7 во 2015
- Разгледани 25 предмети, 2016-70-тина предмети
- Разбирање од Фондот – повеќе предмети решени позитивно по Аптеката
    - 24 приговори решени со опомена
    - Казна за наплатена повисока партиципација
- Најчести неправилности:
    - Аптеката нема еден или повеќе лекови од ГЛБД образецот (генерички лекови без доплата
    - Нема истакнато ознака дека работи со ФЗОМ
    - Проблеми со документација за аптеката или фармацевтскиот кадар
    - Друго (има дозвола од Министерството за здравство на РМ за промет со лекови - наркотика, а истите не ги нарачува и не ги издава)
    - Аптеката нема потврда за дефицитарност
    - неправилно пресметување на висината на партиципација и доплата, незадоволителен асортиман на лекови на товар на ФЗОМ
    - не се води евиденција во здравствената легитимација за издадениот лек на товар на ФЗОМ и сл.
    - Неправилности во начинот на издавање на лекот,

Со најновите анекси **не постојат** казнени одредби кога:

- нема истакнато Одлука за висина на партиципација
- нема бар код читач или истиот не се употребува
- рецептите од претходниот ден не се компјутерски обработени, нема интернет или нема mail)

# Одбор за болничка фармација

- Учество на Европскиот конгрес за болничка фармација – Март, Виена – Австрија под наслов ,,Болничките фармацевти го преземаат лидерството во  партнерството и технологиите“
    - Научниот програм го образложи справувањето на болничките фармацевти со брзите технолошки промени во здравството, употребата на новите технологии и влијанието врз клиничарите и пациентите за нивна соодветна употреба во здравствениот процес.
- Април 2016 година во Дојран - традиционалната работилница на Болничка фармација:
    - прв дел  - обработена темата  „Фармаковигиланца и состојбата низ болниците во Македонија“
    - втор дел – работилница на тема „Учество на болничките фармацевти во усогласување на терапијата на секој пациент индивидуално“ и презентаци на сите болнички фармацевти кои престојувале на разни студиски престои во странство.
- Јуни 2016 - учествува со претставник на Генералното собрание на ЕАНР во Прага – Република Чешка.
- Септември во Букурешт – Романија  - учество во работата на два семинари:
    - првиот - продолжение на семинарот од 2015 за усогласување на терапијата на хоспитализираните пациенти под наслов „Ревидирање на лековите – потреба и споделување на експертизата на болничките фармацевти за постигнување на подобри клинички резултати“ и
    - Вториот - за менаџмент за квалитет во болничките аптеки под наслов „Заедничкото работење -  различен нов пристап во менаџментот за квалитет“
- Декември - одржана традиционална пред-новогодишна средба - извештај за работата на одборот за сите активности во 20 16 година.

# Стручна служба

- **Во текот на 2016 година освен стручната поддршка на работата на органите и телата на Комората, стручната служба ги спроведе и следните тековни обврски:**
  - ✓ Постапки за издавање лиценци за работа – 120,
  - ✓ Постапки по обновени лиценци за работа – 93
  - ✓ Постапки за признавање на пробна работа и стручен испит поминати и положени во странство - 2
  - ✓ Постапки за спроведување на пробна работа и полагање на стручен испит – 133
  - ✓ Одземени лиценци за работа – 0
  - ✓ Продолжени лиценци за работа – 1
  - ✓ Потврди на лиценцирани фармацевти поради заминување во странство - 22
  - ✓ Усогласување на работењето со тековни измени и дополнувања на законски прописи.

# Акредитација

- Стручното усовршување на здравствените работници со високо образование од областа на фармацијата претставува континуиран процес на стекнување на нови знаења и практични вештини во текот на седумгодишниот  период на важењето на Лиценцата за работа.
- Цел: постојано унапредување  на веќе стекнатото знаење заради обликување на современ модел на фармацевт и обезбедување единство во фармацевтската пракса.
- Во 2016 год акредитирани се **26** облици на стручно усовршување:
  - Конгрес -1
  - Конференција - 1
  - Симпозиуми - 4
  - Работилници - 3
  - Состанок на стручно здружение - 1
  - Самонасочено учење - 1
  - Други облици на стручно усовршување - 15

# Стручен надзор

- Извршен стручен надзор во 6 аптеки врз 9 фармацевти
- По извршените стручни надзори Комисијата изврши увид во вратените материјали и констатира дека стручното работење на аптеките и фармацевтите се врши согласно законските прописи и стручните упатства и врз основа на тоа изготви извештаи согласно член 297 од Законот за здравствената заштита за секоја аптека поединечно и ги достави до Министерството за здравство и до субјектите на извршените надзори.
- Во јуни во Охрид на 6-тиот Конгрес на фармацијата беше презентиран стручниот надзор како јавно овластување од неговото законско воведување од 2012 до одржувањето на Конгресот – јуни 2016
- Во текот на 2-рата половина на 2016 и почетокот на 2017 година се започна со изработка на материјалите за вршење на стручен надзор врз фармацевтите кои работат во болничките аптеки. Се очекува во текот на оваа година да започне и надзорот во болничките аптеки.
- Во ноември 2016 година - повик за проширување на листата на вршители:
    - Од пријавените кандидати 51 ги исполнија условите за вршење на надзор во (јавните) аптеки, 16 за во болничките аптеки и 3-ца за биохемиска лабораторија.
    - На 10-ти март оваа година беше одржана обука за вршителите на стручен надзор во аптеките.
- Стручниот надзор ќе се одвива со динамика предвидена во Годишниот план.

# Соработка со институции, асоцијации, здруженија – **Управен одбор на ФЗОМ**

- Член на УО на ФЗОМ како претставник на трите комори (лекарска, стоматолошка и фармацевтска) од 23.02.2016 година
- Одржани се 19 седници од април до декември, од кои 5 електронски согласно Деловникот.
- Оправдано отсутна на 3 седници
- Расправано за:
  - одредување на квоти на новите аптеки што влегуваат во мрежа,
  - одговор на барања насловени до управниот одбор,
  - еднократно линеарно зголемување на квотите на аптеките,
  - можност за промена на начинот на одредување на квотите,
  - нивелирање на референтните цени на лековите согласно подзаконските акти,
  - ортопедски помагала за издавање во аптеките,
  - руралност и друго

## Соработка со институции, асоцијации, здруженија

- **Министерство за здравство** – редовни консултации, состаноци и дописи: учество во расправите за законската регулатива, упатства за јавните овластувања на Комората, дописи, состаноци и консултации во врска со новиот начин на спроведување на пробна работа и полагање на државен испит,  други консултации од интерес за професијата
- **Агенција за лекови** – добра соработка, учество при изготвување на актите од интерес, присуство на седници на ИО на Директорката на Агенцијата, голем придонес кон подобрување на статусот на професијата
  - Организиран Форум за воведување на нови услуги во аптеките – препорака од Влада на РМ за измена во регулативата за имплементација на истите
- Поддршка и разбирање за разрешување на проблемите – редовна комуникација

# Соработка со институции, асоцијации, здруженија

▪**ФЗОМ** – добра соработка по сите прашања, работни средби на сите нивоа: состаноци со Директорите, писмена комуникација, редовни состаноци на работните групи

- Член на УО на ФЗОМ
- Претставник во Комисијата за договорни казни

▪ **Состанок на работната група од Фармацетска комора и менаџментот на ФЗОМ:**

o Квоти
  - Нов правилник за правење на квоти на кој би работеле работни групи од ФК и ФЗОМ: критериум би требало да биде реализацијата на квотите и периодот за кој аптеката ја исполнува квотата.

o Дежурства на аптеките,
  - Предлог: додека не се донесат подзаконските акти на Министерот за здравство со кои ќе се регулира непрекинатото снабдување на осигурениците со лекови, дежурството во текот на ноќта да се замени со дежурство на повик. Во поголемите градови да се стимулира регистрацијата на аптеки кои работат континуирано и пациентите од ноќна смена да се праќаат во тие аптеки за да ги подигнат лековите.

# Соработка со институции, асоцијации, здруженија

- **Состанок на работната група од Фармацетска комора и менаџментот на ФЗОМ (прод):**
  - Цена на услуга,
    - Предлог: цената на услугата да не биде помала од  35 денари по рецепт, независно од цената на лекот. Овој износ е пресметан врз основа на објективните трошоци што ги имаат аптеките при работењето, како и врз основа на ангажираните материјални и човечки ресурси при извршувањето на фармацевтската дејност. При тоа се земени во предвид и другите можни извори на средства за опстојувањето на аптеките, што кумулативно со ваквата наплатена услуга од ФЗОМ, ќе овозможи нормално финансиско опстојување и развој на секторот
  - Доплатата  на разликата од референтната цена до продажната цена на лековите од Листата на лекови на товар на Фондот да биде до единствената малопродажна цена,
  - Поажурно постапување при административните работи од страна на ФЗОМ
    - Предлог: при вработување или промена на кадарот во аптеката, за издавање на факсимил/шифра ФЗОМ да го зема во предвид како доказ барањето за промена на кадар што го поднесува аптеката до Агенцијата за лекови со приемен архивски штембил, а решението за извршената кадровска промена веднаш штом ќе биде изготвено од Агенцијата за лекови аптеката да го достави до ФЗОМ.
  - Цена на услуга за издавање на ортопедски помагала - Да се одреди цена на услуга за издавање на ортопедски помагала од страна на ФЗОМ.
  - Навремено ажурирање на листата на референтните цени,
  - Електронски рецепт

# Соработка со институции, асоцијации, здруженија

- **Македонско фармацевтско друштво**
- **Здруженија на фармацевти** – состаноци со претставници, подршка од Комората, вклучување преку нивни претставници во работата на органите и телата на Комората
    - Состанок со претставниците од Здружението на фармацевти на РМ - разменети мислења и ставови во врска со актуелните проблеми на фармацевтите во аптеките – работно време, дежурства, безбедност на фармацевтите како здравствени работници, цената на услугата за издавање лек на рецепт, подигнување на нивото на фармацевтската дејност. Договор за понатамошна заедничка соработка за сите прашања и проблеми со кои се среќаваат фармацевтите во пракса
- **Лекарска и Стоматолошка комора** – редовни консултации за прашањата од заеднички интерес на сите нивоа
- **Фармацевтски факултети**
- **Совет за јавни набавки** – унифицирање на спецификација за тендер

# Меѓународна соработка

**Меѓународна соработка со FIP и PGEU**

- **PGEU**
  - ✓ одговор на 5 прашалници и добиени збирни извештаи меѓу кои и:
  - ✓ Преглед на класификацијата на суплементите,
  - ✓ Преглед за недостатокот на лековите во ЕУ,
  - ✓ Преглед на имплементацијата на директивата за фалсификувани лекови – извештај за имплементација на единствениот систем за верификација на автентичноста на лековите и имплементација на националните системи за верификација,
  - ✓ предлог Правилниот на EDQM за автоматско дозирање при индивидуално дозирање кој треба да важи за сите земји членки на ЕУ и др.
- **FIP** - учество во 3 истражувања
  - Следниот светски Конгрес на FIP ќе се одржи во Сеул, Р. Кореа, од 10-14 септември 2017 година.

# Асоцијација на фармацевтски комори на југоисточна Европа

- ❖ Цел – активна соработка. Разменување на сознанија и искуства во праксата, заеднички настап пред меѓународните организации за стратешки прашања за овој регион
- Два состанока
- Охрид - јуни во рамките на Конгресот - Фармацевтска комора на Македонија - домаќин.
    - Заклучоци:
    - Во Асоцијацијата да членуваат Комори или други облици на здруженија на фармацевти регистрирани во матичната држава на кои им се пренесени јавни овластувања од земјите Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово, Албанија, Македонија и Бугарија со можност за проширување.
    - Здружувањето е неформално, но со  Асоцијацијата да управува Извршен одбор составен од три члена кои се актуелни претседатели на коморите или делегирани претставници од страна на Коморите – членки.
    - Претседател на Извршниот одбор е претседателот / претставникот од државата – актуелен претседавач на Асоцијацијата во тековната година.
    - Земјата домаќин во текот на својот мандат ќе обезбедува техничка и стручна поддршка за активностите на асоцијацијата.

# Асоцијација на фармацевтски комори на југоисточна Европа

- Белград, февруари 2017 година - во рамките на одбележувањето на 20-ет годишнината од основањето на Фармацевтската комора на Србија:
  - Промена на претседавачот – од БИХ – Црна Гора
  - Законот за Аптеки усвоен во Словенија, во процедура во Србија
  - Формирање на база на податоци за сличностите и разликите во работата на Коморите и функционирањето на фармацевтскиот сектор
  - Изготвување на web - страна на асоцијацијата
  - Купување и ставање на располагање на членството на Систем за следење на интеракциите на лековите

- **Јубилеи**
  - Јубилеј на Бугарски фармацевтски сојуз – плакета по повод 10 годишен јубилеј
  - 10 годишен јубилеј на Фармацевтска комора на Албанија, присуство и поздравен говор
  - 20 годишен јубилеј на фармацевтска комора на Србија

# Други активности

- Почетни активности за изготвување на нов електронски систем со кој преку **Портал** секој фармацевт ке има самостојно пристап до своето досие.
- Со креирање на свој username и password може да пристапи до сите негови податоци вклучително и бодовите со кои располага, членарината и слично.
- Ќе се овозможи и online плаќање на членарината директно преку систем на електронско плаќање.
- Секој фармацевт ќе добие и електронска картичка која ќе биде врзана со неговото досие,  со која ќе го евидентира своето присуство на акредитираниот настан, а бодовите автоматски ќе му се вчитуваат во досието.
- Преку влегување во порталот, секој фармацевт да го следи предавањето од својот компјутер и со одговарање на прашалникот бодовите директно да му се вчитуваат во досието – подобрување на достапноста до предавањата, квалитетот на едукацијата и полесно собирање на потребните бодови во текот на годината.

❖ Предвидено е да влезе во функција во втората половина на 2017 год.

# Фармацевтска Комора на Македонија

- Активностите на Извршните органи, работните тела и работата на стручната служба на Комората се во рамките на законските надлежности и директно зависат од активноста на членовите.
- Членството е хетерогено по својот состав и често има различни потесни интереси кои може да се артикулираат во одбори, секции и други гранкови организирања. Комората ќе соработува и ќе ги подржува во рамките на своите надлежности.
- Нашата племенита заедничка цел е висока општествена поставеност на професијата и нејзините вистински вредности.




Ви благодарам за соработката!!!!